# ЗАПИСНИК

**од спроведените интервјуа со кандидатите по Одлуката за објавување јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата- објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија", број 234/2023 од 7 ноември 2023 година**

На ден 23 ноември 2023 година, со почеток во 11:00 часот во сала „Борис Трајковски" во Собранието на Република Северна Македонија започна спроведувањето на интервјуа со пријавените кандидати, кои ги исполнуваат условите по Одлуката за објавување јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата - објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија", број 234/2023 од 7 ноември 2023 година и во дневните весници: „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Koha", како и на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија и на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Интервјуата со кандидатите се спроведуваа во период од три (3) дена и тоа: 23, 24 и 25 ноември 2023 година и истите завршија на 25 ноември 2023 година во 19:00 часот.

Интервјуата се одвиваа по утврдениот редослед на кандидати согласно Записникот од административната проверка и Листата на пријавени кандидати за претседател и членови на државната комисија за спречување на корупцијата, кои ги исполниле условите (по азбучен ред на презимето на кандидатот), со архивски број 33-6042/1 од 21 ноември 2023 година, објавен на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот тееккст: Собранието) на 21 ноември 2023 година.

Интервјуто го спроведуваше Комисијата за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Комисија за селекција), формирана со Решение број 16 – 5914/2 од 14 ноември 2023 година донесено на седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.

Комисијата за селекција беше во следниов состав: Јован Андоновски, заменик на Народниот правобранител, номиниран од Народниот правобранител; Снежана Камиловска Трпоска, претставник на здружението, односно фондацијата назначена за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Демократија и владеење на правото; Никола Додов, претставник на здружението односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Медиуми и информатичко општество; Берат Ајдари, пратеник во Собранието; Ели Панова, пратеник во Собранието; Кастриот Реџепи, пратеник во Собранието, а со Комисијата за селекција претседаваше Фаница Николоска - пратеник во Собранието и претседател на Комисијата.

Покрај претседателот и членовите на Комисијата за селекција, на интервјуата присуствуваа и поставуваа прашања до кандидатите и претставниците на здруженијата на новинари, други здруженија и фондации номинирани согласно членот 12 ставови (16) и (17) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од Интеруниверзитетската конференција.

На интервјуата што се одржаа на 23 ноември 2023 година учествуваа: проф.д-р Лазо Пендовски, претставник од Интеруниверзитетска конференција, Методи Зајков од Транспаренси Интернешнл Македонија, Сабина Факиќ од Центар за

граѓански комуникации, Фросина Цветковска Димеска од Балканска истражувачка репортерска мрежа – БИРН и Миша Поповиќ од Институт за демократија Социетас Цивилис.

На интервјуата што се одржаа на 24 ноември 2023 година учествуваа: проф.д-р Лазо Пендовски, претставник од Интеруниверзитетска конференција, Методи Зајков од Транспаренси Интернешнл, Сабина Факиќ од Центар за граѓански комуникации, Фросина Цветковска Димеска од Балканска истражувачка репортерска мрежа - БИРН, Маја Јовановска од Здружение на новинарите на Македонија - ЗНМ, Миша Поповиќ од Институт за демократија Социетас Цивилис и Вања Михајлова од Здружение на граѓани Институт за човекови права – Скопје.

На интервјуата што се одржаа на 25 ноември 2023 година учествуваа: Методи Зајков од Транспаренси Интернешнл, Сабина Факиќ од Центар за граѓански комуникации, Фросина Цветковска Димеска од Балканска истражувачка репортерска мрежа - БИРН, Маја Јовановска од Здружение на новинарите на Македонија - ЗНМ, Миша Поповиќ од Институт за демократија Социетас Цивилис и Јелена Кадриќ од Здружение на граѓани Институт за човекови права – Скопје.

Во текот на интервјуата прашања до некои од кандидатите поставија и пратениците: Благица Ласовска, Дајанчо Ефтимов, Гордана Сиљановска Давкова, Снежана Калеска - Ванчева, Антонијо Милошоски, Игор Јанушев, Марија Георгиевска, Миле Лефков, Драган Ковачки, Лидија Тасевска, Марија Костадиновска, Арта Билали – Зендели, Александар Велјаноски и Диме Велковски.

Комисијата за селекција на 24 ноември 2023 година констатираше дека кандидатот Љубица Караманди Попчевски на ден 24 ноември 2023 година достави писмено известување, заведено под број 16-5703/61 дека ја повлекува пријавата за избор на член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Од вкупно 42 кандидати, кои беа уредно известени за датумот, местото и времето на одржувањето на интервјуто со 41 кандидат се спроведе интервју.

Кандидатот Оливер Лукароски на 22 ноември 2023 година достави молба за промена на терминот на интервјуто, што Комисијата за селекција ја прифати и истиот беше интервјуиран на 23 ноември 2023 година.

**Интервјуа се спроведоа со следниве кандидати:**

| Реден број | ПРЕЗИМЕ | ИМЕ | Кандидатот се пријавил за претседател/член |
|---|---|---|---|
| 1. | Авзиji | Кариман | член |
| 2. | Андреевска | Славица | член |
| 3. | Богоевски | Зоран | член |
| 4. | Вузај | Оливер | член |
| 5. | Даути | Даут | член |
| 6. | Демири | Сервет | член |
| 7. | Дехари | Берат | член |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Димитровска | Татјана | претседател/член |
| 9. | Димковска | Дијана | член |
| 10. | Димов-Марковска | Дона | член |
| 11. | Ѓорѓиева-Антонијевиќ | Сирма | претседател/член |
| 12. | Ибраими | Рамадан | член |
| 13. | Јовчески | Јован | претседател/член |
| 14. | Јошевска-Анастасовска | Сузана | претседател |
| 15. | Каракашова Шулев | Билјана | член |
| 16. | Клековски | Владимир | член |
| 17. | Крстаноски | Благојче | член |
| 18. | Ковчегарски | Кирил | член |
| 19. | Кондарко | Борис | претседател/член |
| 20. | Костов | Киро | претседател/член |
| 21. | Лазаревски | Бодан | претседател/член |
| 22. | Лукароски | Оливер | член |
| 23. | Мавревска | Стојна | претседател/член |
| 24. | Малахова | Маја | претседател/член |
| 25. | Мемети | Насер | член |
| 26. | Митевска | Татјана | член |
| 27. | Михајлова | Татјана | претседател/член |
| 28. | Младеновска | Весна | претседател/член |
| 29. | Мустафа | Мехди | Не наведува |
| 30. | Поњавиќ | Маријан | член |
| 31. | Ристовска | Цвета | претседател/член |
| 32. | Саитоски | Енвер | член |
| 33. | Сали | Сали | член |
| 34. | Спасова Медарска | Софија | член |
| 35. | Спасовски | Трајко | претседател/член |
| 36. | Стојановски | Борче | претседател/член |
| 37. | Фетаи | Накил | член |
| 38. | Чавдар | Кимо | претседател/член |
| 39. | Чижбаноска Вангелов | Магдалена | претседател/член |
| 40. | Чучуљ | Адем | член |
| 41. | Џемаиљи | Бесник | член |

Со секој од кандидатите се водеше структуирано интервју во траење од најмногу 30 минути, водејќи сметка за еднаков и фер однос кон сите кандидати, согласно Одлука за начинот на вршење на интервју, оценување и рангирање на кандидатите за претседател и членови на државната комисија за спречување на корупцијата

Интервјуто се состоеше од четири дела:

Дел 1. Кандидатот да даде лична визија и план за работата и план за комуникација на Државната комисија.

Дел 2. Општи прашања, кои вклучуваа:

2.1. Прашања во врска со претходно работно искуство (што работеле, кои се нивните успеси и кои им биле предизвиците);

2.2. Прашања за интересот и мотивацијата на кандидатот да стане претседател, односно член на Државната комисија (колку ги познаваат надлежностите, досегашната работа на Државната комисија, да наведат достигнувања и неуспеси на Државната комисија, очекувања од нивната работа во Државната комисија, како и дел од претходно работно искуство кое би ја унапредило работата на Државната комисија и слично);

2.3. Прашања за морал, етика и интегритет на кандидатот.

Дел 3. Посебни прашања, кои вклучуваа:

3.1 Прашања за утврдување на способност за тимска работа и разрешување на конфликти и кризни ситуации;

3.2 Прашања за мотивирање и водење на тимот (за кандидатите за претседател на Државната комисија);

3.3 Дефиниција и разбирање за различни видови и нивоа на корупција, за штетните ефекти од корупцијата и начини и форми на спречување на корупцијата, за добро управување, за владеење на правото итн.

Дел 4. Прашања од учесниците.

4.1. Прашањата поврзани со една од областите наведени во Делот 2 или Делот 3 од интервјуто.

Секој член на Комисијата за селекција за секој кандидат водеше евиденција и врз основа на одговорите на кандидатите пополни и потпиша формулар за бодување.

Врз основа на бодувањето на претседателот и членовите на Комисијата се изготви ранг листа на кандидат за претседател и за членови на Државната комисија со име и презиме, вкупен број на освоени бодови и образложение.

КОМИСИЈА НА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА:

- Претседател
(име и презиме)

Фаница Николоска ----------------------------------------

1. Член
(име и презиме)

Берат Ајдари ----------------------------------------

2. Член
(име и презиме)

Ели Панова----------------------------------------
3. Член
(име и презиме)

Кастриот Реџепи ----------------------------------------
4. Член
(име и презиме)

Јован Андоновски ----------------------------------------

5. Член
(име и презиме)

Снежана Камиловска Трповска ----------------------------------------

6. Член
(име и презиме)

Никола Додов ----------------------------------------